- Списанија, весници и други изданија во износ од 41.800 денари или 41,80%,
- Други материјали во износ од 88,917 денари односно 29,64%,
- Плаќање на судски такси во износ од 63.214 денари односно 63,21%,
- Други договорни услуги во износ од 578.991 денари односно 46,32%,
- Расходи за репрезентација во износ од 64.978 денари односно 32,49%,
- Привремени вработувања во износ од 3.792.192 денари односно 25.28%,
- Стипендии за поддршка на млади таленти во износ од 88.000 денари односно 44,00%, и
- Отплата на главница на долгорочни позајмувања во износ од 6.877.919 денари или 49,84% која произлегува од обврската за плаќање на редовната годишна обврска за првиот шестмесечен ануитет за 2020 година по основ на кредитот искористен од Светската банка за изградба на О.У ,,Григор Прличев,,.

Во **Програмата на капиталните трошоци на општината** за периодот јануари-март 2020 година, реализирани се расходи во вкупен износ од **803.139** денари, кои во однос на планираните се остварени со индекс од 10,10%. Најголем дел се однесуваат на плаќања за:

- Купување на информатичка и видео опрема износ од 787.700 денари со индекс од 41,46% во однос на планираните,
- Купување на опрема за греење и климатизација во износ од 15.439 денари со индекс од 15,44% во однос на планираните.

За финансирање на **Програмата за урбанистичко планирање и уредување на просторот** (Ф) се потрошени вкупно **52.581.159** денари или 26,59% во однос на планираните за 2020 година кои изнесува 197.714.678 денари. Во рамките на оваа програма реализирани се следниве плаќања по подпрограми:

- Урбанистичко планирање со реализација од **3.295.682** денари со индекс од 20,47% во однос на планираните,
- Уредување на градежно земјиште со реализација од **40.297** денари со индекс од 5.37% во однос на планираните,
- Уредување на градежно земјиште (капитални инвестиции) се реализирани во износ од **49.245.180** денари со индекс од 27,23% во однос на планираните.

Во **Програмата за поддршка на локалниот економски развој** реализирани се расходи во вкупен износ од **2.157.367** денари кои во однос на планираните се остварени со индекс од 20,41%.

Расходите извршени за **Пограмата за комунални дејности** за периодот јануари-март 2019 година бележат извршување во износ од вкупно **46.495.640** денари или со 26,79% во однос на планот кој изнесува 173,584,000 денари. Во рамките на оваа програма кај подпрограмите:

- Јавно осветлување се извршени расходи во износ од 8.757.343 денари со индекс од 23,73%;
- Јавна чистота се извршени расходи во износ од 8.540.176 денари со индекс од 38,64%;
- Одржување на локални патишта, улици и регулирање на сообраќај се извршени расходи во износ од 3.000.000 денари со индекс од 78,95%;
- Одржување и користење на зеленило нема реализирано расходи,
- Други комунални услуги се извршени расходи во износ од 9.065.530 денари со индекс од 18,81%;
- Изградба на јавно осветлување, се извршени расходи во износ од 4.629.295 денари со индекс од 25,72%;
- Изградба и реконструкција на локални патишта, нема реализирани расходи,
- Изградба на системи за отпадни води се извршени расходи во износ од 12.313.296 денари со индекс од 33,46%и
- Потпрограмата урбана опрема има реализација на расходи во износ од 190.000 денари со индекс од 14,62%.

Расходите за **Пограмата за култура** бележат извршување во вкупен износ од **1.249.114** денари, со индекс од 19,49%, во однос на планот за 2020 година, кој изнесува 6.410.000 денари, и истите во целост се однесуваат на Потпрограмата Културни манифестации и творештво.

Кај Програмата **Спорт и рекреација** се извршени расходи во износ од **137.800** денари, со индекс од 2,00% во однос на планираните 6,884,800 денари.

Кај Потпрограмата **Заштита на животната средина и природата,** имаме реализација на расходи во вкупен износ од 1.541.080 денари или 44,03% во однос на планираните за тековната фискална година.

Кај Потпрограмата **Заштита и спасување,** имаме реализација на расходи од вкупно **136.106** денари односно 9,32% во однос на планот.

Кај Потпрограмата **Родова еднаквост**, не бележиме трошење на средства во овој извештаен период.

Кај Програмата В – **Социјална заштита и заштита на деца**, во рамките на основниот буџет, се бележи реализација од **8,882,527** денари, со индекс од 41.03% во однос на планираните 21,650,000 и истите се однесуваат на реализацијата на подпрограмата В1 - Детски градинки и социјална заштита, во износ од 1,538,293 денари со индекс од 23,13% во однос на планираните 6.650.000 денари а наведените средства се реализирани за плаќање на расходите за еднократна парична помош и помош во натура, за транспорт на луѓе и за трансфери до здруженијата на граѓани и фондации.

За реализација на развојната програма **ВАО** - **Социјална заштита и заштита на деца (Капитални расходи)** која се однесува за изградба на нова детска градинка во Стајковци потрошени се средства во износ од 7.344.234 денари односно со индекс од 48,96% во однос на планираните за тековната фискална година.

Во делот на извршувањето на **расходите од блок дотациите** за 2020 година може да се констатира дека ресорните министерства редовно вршеа префрлање на средствата за блок дотациите за финансирање на активностите на основните училишта и на детските градинки. Во овој период основните училишта и детските градинки реализираа расходи во вкупен износ од **97.566.046** денари, односно 19,81% од планираните трошења на средства, што придонесе за извршување на планираните активности кај овие корисници во овој период. При тоа во основните училишта се реализирани расходи во вкупен износ од **74.102.739** денари, односно 20,14% од планираните расходи, а во детските градинки се реализирани расходи во вкупен износ од **23.463.307** денари, односно со индекс од 18,84%.

**Расходите од донации** во првиот квартал на 2020 година се реализирани во износ од **5.621.184** денари или 8,92% во однос на планот.

Во делот на расходите од **самофинансирачките активности** на основните училишта и детските градинки, истите беа реализирани во износ од **6.757.819** денари или 15,02% во однос на планираните 45.000.000,00 денари.

Кај расходите од **кредити** не се реализирани расходи во овој квартал.

Врз основа на презентираните податоци за остварување на приходите и за извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба за периодот јануари-март 2020 година може да се констатира дека во целина трошењето на средствата на Буџетот се одвиваше наменски по одделни ставки и подставки и во пониски износи во однос на планираните расходи како резултат на пониско остварените приходи во однос на планираните.

Во прилог на оваа информација се дава и извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на буџетот на Општина Гази Баба за периодот јануари-март 2020 година на ниво на ставки (троцифрено конто).

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.05.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1981/2**
**од 01.06.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 23 став (8) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и деветтата седница одржана на ден 29.05.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2020 ГОДИНА**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.1/20), во член 2 и член 7 зборовите ''(Блок дотации)'' се бришат.

**Член 2**

Во член 9 став (6) зборовите ''општинскиот буџет'' се заменуваат со зборовите ''буџет на дотации''.

**Член 3**

Во член 10 по став (3) се додава нов став (4) кој гласи:

''Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува, доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец. Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува, доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.''

**Член 4**

Во член 21 по став (2) се додава нов став (3) кој гласи:

''Локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации можат да вработуваат нови работници, доколку се обезбедени средства во Буџетот на Република Северна Македонија за што писмено известување дава Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината до надлежното министерство за потребата од вработување во локалните јавни установи, со соодветна пропратна документација.''

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1905/4**
**од 29.05.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИОТ КАЛЕНДАР ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2021 ГОДИНА**

1. Се објавува Буџетскиот календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 29.05.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1981/3**
**од 01.06.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 27 став (4) и став (5) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.61/04, 96/04, 22/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и деветтата седница одржана на ден 29.05.2020 година, донесе

## Б У Џ Е Т С К И К А Л Е Н Д А Р

## ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2021 ГОДИНА

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба донесе Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година.

**Член 2**

Со Буџетскиот календар на Општина Гази Баба се пропишува постапката и се утврдуваат роковите за планирање на активностите на општината за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година и се утврдуваат роковите во кои градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови кои општинските буџетски корисници ги доставуваат до градоначалникот.

Со Буџетскиот календар се утврдуваат постапките и роковите во кои секторите треба да ги изготват поединечните Предлог-Планови на Програми за развој на општината за период 2021-2023 година, Предлог-Програмите за извршување на одделни активности во општината за 2021 година и Трошковниците за одделни расходи во 2021 година, како и процедурите и роковите во кои градоначалникот го доставува Предлог-Буџетот до советот на општината.

| МОЖЕН РОК | БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ |
|---|---|
| 01.05-31.05.2020 година | 1.Совет на Општина Гази Баба го донесува Буџетскиот календар за изготвување на Буџетот за 2021 година. |
| 01.06-15.06.2020 година | 1.Известување од секторот за финансиски прашања до раководителите на секторите, раководителите на одделенијата и до одговорните лица за одредени активности за изготвување на Предлог-План на Програми за развој на општината за период 2021-2023 година, за изготвување Предлог-Програми за извршување на одделни активности во општината за 2021 година и за изготвување на Трошковници за реализирање на активностите за 2021 година. |
| | 2.Секторот за финансиски прашања доставува известување до општинските буџетски корисници со главните насоки за изготвување на финансиски планови за 2021 година. |

| | |
|---|---|
| 15.06-31.08.2020 година | 1.Изготвените Предлог-План на Програмите за развој на општината за период 2021-2023 година и Предлог-Програми за извршување на одделни активности во општината за 202 година со проценка на трошоците за буџетската 2021 година и Трошковниците за реализирање на активностите за 2021 година, раководителите на секторите, раководителите на одделенијата и одговорните лица за одредени активности ги доставуваат до секторот за финансиски прашања. |
| | 2.Општинските буџетски корисници ги доставуваат финансиски планови за 2021 година до секторот за финансиски прашања. |
| 01.09-30.09.2020 година | 1.Предлог-Планот на Програми за развој на општината за периодот 2021-2023 година,Предлог-Програмите за извршување на одделни активности во општината и финансиски планови на општинските буџетски корисници за 2021 година и Трошковниците за реализирање на активностите за 2021 година се анализираат, се усогласуваат од страна на секторот за финансиски прашања и се поднесуваат до градоначалникот. |
| | 2.Секторот за финансиски прашања изготвува и предлага Трошковен план за 2021 година. |
| | 3.Секторот за финансиски прашања изготвува и предлага План за приходи за 2021 година. |
| 01.10-31.10.2020 година | Градоначалникот предложените Предлог-План на Програми за развој на општината за периодот 2021-2023 година, Предлог-Програми за извршување на одделни активности во општината за 2021 година и Предлог-Буџетот за 2021 година ги разгледува, ги анализира и ги усогласува со раководителите на секторите, раководителите на одделенијата и со одговорните лица за одредени активности, ги одобрува и ги доставува до советот на општината. |
| 01.11-15.11.2020 година | 1.Седница на советот на општината на која се усвојуват Предлог-Планот на Програми за развој на општината за периодот 2021-2023 година и Предлог-Програми за извршување на одделни активности во општината за 2021 година и Предлог-Буџетот за 2021 година и се дава достапност на јавноста со објавување на нивната содржина. |
| | 2.Се одржуваат јавни расправи. |
| 16.11-30.11.2020 година | Се изготвува конечен Предлог-Буџет за 2021 година од страна на секторот за финансиски прашања и се доставува до градоначалникот. |
| 01.12-10.12.2020 година | Градоначалникот го разгледува и го одобрува конечниот Предлог-Буџет за 2021 година и го доставува до советот на општината. |
| 11.12-20.12.2020 година | Седница на советот на општината за донесување на Буџетот за 2021 година. |
| 01.01.2021 година | Започнува новата буџетска година. |

**Член 3**

Овој Буџетски календар влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1905/5**
**од 29.05.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

### ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДОДАТОК НА ПЛАТА ЗАРАДИ ПРИЛАГОДУВАЊЕ КОН ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ КАКО ДЕЛ ОД ИСКЛУЧИТЕЛНА КОМПОНЕНТА НА ПЛАТА, НА АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК ВО СОСТАВ НА СЕКТОРОТ ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

1. Се објавува Одлуката за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на административен службеник во состав на секторот за правни и општи работи, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.05.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1981/4**
**од 01.06.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 86 став (1) алинеја 2, член 89 став (1) алинеја 2 и член 91 од Законот за административни службеници (''Службен весник на РМ'' бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и ''Службен весник на РСМ'' бр.275/19 и 14/20), член 30 став (2) од Колективниот договор за административните службеници и други вработени во Општината Гази Баба, бр.03-4741/1 од 11.11.2019 година и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и деветтата седница одржана на ден 29.05.2020 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ДОДАТОК НА ПЛАТА ЗАРАДИ ПРИЛАГОДУВАЊЕ КОН ПАЗАРОТ НА ТРУДОТ КАКО ДЕЛ ОД ИСКЛУЧИТЕЛНА КОМПОНЕНТА НА ПЛАТА, НА АДМИНИСТРАТИВЕН СЛУЖБЕНИК ВО СОСТАВ НА СЕКТОРОТ ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ

### Член 1

Со оваа одлука се определува додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на административен службеник - советник за заштита и спасување, управување со кризи и одбрана во состав на секторот за правни и општи работи - одделение за месна самоуправа, заштита и спасување и одбрана, **во висина од 30%** од износот на основната плата, во согласност со закон и колективен договор.

### Член 2

Додатокот на платата на административниот службеник согласно со член 1 од оваа одлука етапно да се зголемува, на следниов начин:

1) 10% од 1 јуни 2020 година;
2) 10% од 1 јануари 2021 година и
3) 10% од 1 јануари 2022 година.

### Член 3

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба да ја спроведе оваа одлука.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1905/6**
**од 29.05.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ГРАНТ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ - "ИЗГРАДБА НА СЕКУНДАРНА ФЕКАЛНА МРЕЖА И ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО СМИЛКОВЦИ"**

1. Се објавува Одлуката за користење на грант финансиски средства за реализација на проект - "Изградба на секундарна фекална мрежа и пречистителна станица за отпадни води во населено место Смилковци", што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.05.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1981/5**
**од 01.06.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и деветтата седница одржана на ден 29.05.2020 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ГРАНТ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТ - "ИЗГРАДБА НА СЕКУНДАРНА ФЕКАЛНА МРЕЖА И ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА ОТПАДНИ ВОДИ ВО НАСЕЛЕНО МЕСТО СМИЛКОВЦИ"

**Член 1**

Со оваа одлука Советот на Општина Гази Баба одобрува користење на грант финансиски средства од Светска Банка преку МСИП 2 (Проект за подобрување на општинските услуги во рамки на Министерството за финансии) за реализација на проектот - "Изградба на секундарна фекална мрежа и пречистителна станица за отпадни води во населено место Смилковци".

**Член 2**

Вкупната вредност на грантот изнесува **18.291.270,88** денари, со вклучен 18% ДДВ.

**Член 3**

Се задолжува секторот за локален економски развој и информациско-комуникациски развој да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1905/7**
**од 29.05.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА Г2 - ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА И Г3 - СЕРВИСИ, НА КП 11730/1 КО СТАРО СКОПЈЕ, КП 11609/1 КО СТАРО СКОПЈЕ И КП 11589/1 КО СТАРО СКОПЈЕ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за изработка на Локална урбанистичко - планска документација, за изградба на објект со намена Г2 - лесна индустрија и Г3 - сервиси, на КП 11730/1 КО Старо Скопје, КП 11609/1 КО Старо Скопје и КП 11589/1 КО Старо Скопје, Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.05.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1981/6**
**од 01.06.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 46 став (8) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (''Службен весник на РМ'' бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и деветтата седница одржана на ден 29.05.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ СО НАМЕНА Г2 - ЛЕСНА ИНДУСТРИЈА И Г3 - СЕРВИСИ, НА КП 11730/1 КО СТАРО СКОПЈЕ, КП 11609/1 КО СТАРО СКОПЈЕ И КП 11589/1 КО СТАРО СКОПЈЕ, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука се пристапува кон изработка на Локална урбанистичко – планска документација, за изградба на објект со намена Г2 - лесна индустрија и Г3 сервиси, на КП 11730/1 КО Старо Скопје, КП 11609/1 КО Старо Скопје и КП 11589/1 КО Старо Скопје, Општина Гази Баба - Скопје, согласно член 46 став (8) од Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 2**

Одлуката да се достави до секторот за урбанизам и градежно земјиште, заради продолжување на постапката согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-1905/8**
**од 29.05.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 09, БЛОК 01, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 09, Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.05.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1981/7**
**од 01.06.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 39 став (5) и став (9) и член 42 став (3), став (5) и став (7) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (''Службен весник на РМ'' бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), член 22 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и деветтата седница одржана на ден 29.05.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 09, БЛОК 01, ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 09, Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје.

Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план за Градска четврт СИ 09, Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје, ги почитува одредбите на Просторниот план на РМ, Генералниот урбанистички план на град Скопје 2012-2022 год. (''Службен гласник на Град Скопје'' бр.18/12) Законот за просторно и урбанистичко планирање (''Службен весник на РМ'' бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план,детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (''Службен весник на РМ'' бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (''Службен весник на РМ'' бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

**Член 2**

Со оваа одлука се опфаќа простор со површина од **22,70 ха** кој е во рамките на следните граници:

- **на североисток:** границата на плански опфат се совпаѓа со оска на собирна улица - ''Индустриска 1'';
- **на југоисток:** се движи по оска на новопланирана сервисна улица - ''С2-А'';
- **на југозапад:** по оска на новопланирана сервисна улица - ''С 1'';
- **на северозапад**: по оска на новопланирана сервисна улица - ''С 1''.

Границата на планскиот опфат е прикажана со линија која ги поврзува сите прекршни точки, кои се дадени табеларно со X и Y координати:

| | | |
|---|---|---|
| Т1 | X=7541237.6553 | Y=4649611.8301 |
| Т2 | X=7541178.4139 | Y=4649469.4297 |
| ЛАК 1<br>ИСПАПЧЕНОСТ<br>ЦЕНТАР<br>РАДИУС<br>ПОЧЕТЕН АГОЛ<br>КРАЕН АГОЛ | 0.2226<br>X=7541363.0716<br>200<br>157,41<br>207,61 | Y=4649392.6083 |
| Т3 | X=7541185.8537 | Y=4649299.9053 |
| Т4 | X=7541206.4777 | Y=4649260.4790 |
| ЛАК 2<br>ИСПАПЧЕНОСТ<br>ЦЕНТАР<br>РАДИУС<br>ПОЧЕТЕН АГОЛ<br>КРАЕН АГОЛ | 0.2333<br>X=7541428.0000<br>250<br>207,61<br>260,14 | Y=4649376.3577 |
| Т5 | X=7541385.1822 | Y=4649130.0518 |
| Т6 | X=7541490.0370 | Y=4649111.8238 |
| ЛАК 3<br>ИСПАПЧЕНОСТ<br>ЦЕНТАР<br>РАДИУС<br>ПОЧЕТЕН АГОЛ<br>КРАЕН АГОЛ | -0.1484<br>X=7541404.4013<br>500<br>80,14<br>46,37 | Y=4648619.2119 |
| Т7 | X=7541749.4242 | Y=4648981.0946 |
| Т8 | X=7541905.9782 | Y=4649195.4848 |
| Т9 | X=7541384.0510 | Y=4649536.1601 |
| Т10 | X=7541375.8916 | Y=4649541.2008 |
| ЛАК 4<br>ИСПАПЧЕНОСТ<br>ЦЕНТАР<br>РАДИУС<br>ПОЧЕТЕН АГОЛ<br>КРАЕН АГОЛ | 0.0322<br>X=7540758.7442<br>1.207<br>59,25<br>66,62 | Y=4648503.9071 |

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за Градска четврт СИ 09, Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје, со тех.бр.0801-11-04/19 од 03/2020 година, изработен од ДТПУ Иванов Инженеринг Сашко Иванов ДООЕЛ Битола, содржи:

**СОДРЖИНА**

- Насловна страна

**Податоци за изработувачот**

- Работен тим
- Регистрација на фирмата
- Тековна состојба на фирмата
- Лиценца на фирмата
- Овластувања на вработените

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

Вовед

1. Географско и геодетско определување на подрачјето на планскиот опфат со граници и површина.
2. Историјат на планирањето и уредувањето на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина.
3. Природни чинители кои влијаат на подрачјето на планскиот опфат.
4. Создадени вредности.
5. Инвентаризација на земјиштето и зеленилото во планскиот опфат, на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура.
6. Инвентаризација на постоечки споменички целини и градби од културно-историско значење.
7. Инвентаризација на изградената комунална инфраструктура.
8. Анализа на степен на реализација на важечки урбанистички планови.
9. Анализа на можности за просторен развој.
10. Извод од план од повисоко ниво.
11. Други податоци за планскиот опфат.
12. Нумерички дел.

Графички дел:

1. Извод од ГУП на град Скопје
2. Извод од УПЧ СИ09
3. Ажурирана геодетска подлога со граница на плански опфат ........................... 1 : 1000
4. Збирен графички прилог со нанесени плански решенија од урбанистички планови и плански документации и урбанистички проекти релевантни за планскиот опфат .................................................. 1 : 1000
5. Инвентаризација и снимка на изграден градежен фонд, вкупната физичка супраструктура и изградена комунална инфраструктура .................................................. 1 : 1000

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

Вовед

1. Вид на планот, назив на подрачјето на планскиот опфат, плански пeериод.
2. Површина и граници на планскиот опфат.
3. Опис и образложение на планскиот концепт за просторниот развој и хармонизација на просторот и на планските решенија за изградба.
4. Мерки за заштита на животната средина.
5. Мерки за заштита и спасување.
6. Мерки за спречување на бариери на лицата со инвалидност.
7. Мерки за заштита на културното наследство.
8. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите.
9. Посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите.
10. Нумерички дел.

Графички дел:

1. План на намена на земјиштето и градбите, регулационен план и план на површини за градење, план на зеленило..................................... 1 : 1000
2. Сообраќаен план и нивелациски план....................................................... 1 : 1000
3. Инфраструктурен план ........................................................................ 1 : 1000
4. Синтезен план.................................................................................... 1 : 1000

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, направени според Законот за просторно и урбанистичко планирање (''Службен весник на РМ'' бр.199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Правилникот за поблиската содржина, форма и начин на обработка на генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план вон населено место и регулациски план на генерален урбанистички план, формата, содржината и начинот на обработка на урбанистичко-плански документации и архитектонско-урбанистичкиот проект и содржината, формата и начинот на обработка на проектот за инфраструктура (''Службен весник на РМ'' бр.142/15) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (''Службен весник на РМ'' бр.142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

**Член 4**

Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план задолжително се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам од страна на донесувачот на планот.

**Член 5**

Донесувачот на Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план е должен примерок од донесениот Детален урбанистички план во електронска форма да го објави на својата веб страна.

**Член 6**

Одлуката за донесување на Детален урбанистички план се применува по прикачување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам, од страна на донесувачот на планот и по извршеното дигитално преклопување на урбанистичкиот план од страна на Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1905/9**
**од 29.05.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.05.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1981/8**
**од 01.06.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка (10) и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и "Службен весник на РСМ" бр.101/19 и 275/19) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), а во врска со Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба, бр.44-1656/15 од 19.05.2020 година (''Службен весник на РСМ'' бр.131/20), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и деветтата седница одржана на ден 29.05.2020 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ПРИМАЊЕ И ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ЈУДГ "ДЕТСКА РАДОСТ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

### Член 1

Со оваа одлука Општина Гази Баба од Владата на Република Северна Македонија, прима на трајно користење без надомест движни ствари за потребите на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје, согласно Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гази Баба, бр.44-1656/15 од 19.05.2020 година (''Службен весник на РСМ'' бр.131/20).

### Член 2

Пренесеното право на користење на движните ствари без надомест, за потребите на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје, се однесува на следните движни ствари:

| Реден број | Назив на движна ствар | Карактеристики на движната ствар | Количина (парче) |
|---|---|---|---|
| 1 | Прозор | Марка Алухацан шесткоморни термоизолациони ПВЦ профили | 22 |
| 2 | Врати | Марка Алухацан шесткоморни термоизолациони ПВЦ профили | 6 |

### Член 3

Општина Гази Баба движните ствари од член 2 од оваа одлука, ги дава на трајно користење без надомест на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје.

### Член 4

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор со Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, со кој ќе се уредат правата и обврските за движните ствари од член 2 од оваа одлука.

### Член 5

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор со директорот на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје, со кој ќе се уредат правата и обврските за движните ствари од член 2 од оваа одлука.

**Член 6**

Се задолжува ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје, по склучување на договорот од член 5 од оваа одлука и уреден прием на движните ствари, истите да ги воведе во финансиско - материјалната сметководствена евиденција.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1905/10**
**од 29.05.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПРЕСТОЈ ВО УСТАНОВАТА ШТО ПАЃА НА ТОВАР НА РОДИТЕЛИТЕ, НА ЈУДГ ''ДЕТСКА РАДОСТ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за ослободување од надоместокот на трошоците за престој во установата што паѓа на товар на родителите, на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.05.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1981/9**
**од 01.06.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 191 став (2) од Законот за заштита на децата (''Службен весник на РМ'' бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19 и 275/19), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за ослободување од надоместокот на трошоците за престој во установата што паѓа на товар на родителите, на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје, бр.02-350/2 од 27.05.2020 година, Советот на Општина Гази Баба на Триесет и деветтата седница одржана на ден 29.05.2020 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПРЕСТОЈ ВО УСТАНОВАТА ШТО ПАЃА НА ТОВАР НА РОДИТЕЛИТЕ, НА ЈУДГ ''ДЕТСКА РАДОСТ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за ослободување од надоместокот на трошоците за престој во установата што паѓа на товар на родителите, бр.02-350/2 од 27.05.2020 година, донесена од управниот одбор на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до управниот одбор на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1905/11**
**од 29.05.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПРЕСТОЈ ВО УСТАНОВАТА ШТО ПАЃА НА ТОВАР НА РОДИТЕЛИТЕ, НА ЈУДГ ''25 МАЈ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за ослободување од надоместокот на трошоците за престој во установата што паѓа на товар на родителите, на ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 29.05.2020 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-1981/10**
**од 01.06.2020 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 191 став (2) од Законот за заштита на децата (''Службен весник на РМ'' бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19 и 275/19), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за ослободување од надоместокот на трошоците за престој во установата што паѓа на товар на родителите, на ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје, бр.192/4 од 27.05.2020 година, Советот на Општина Гази Баба на Триесет и деветтата седница одржана на ден 29.05.2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПРЕСТОЈ ВО УСТАНОВАТА ШТО ПАЃА НА ТОВАР НА РОДИТЕЛИТЕ, НА ЈУДГ ''25 МАЈ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за ослободување од надоместокот на трошоците за престој во установата што паѓа на товар на родителите, бр.192/4 од 27.05.2020 година, донесена од управниот одбор на ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до управниот одбор на ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1905/12**
**од 29.05.2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

# СОДРЖИНА


**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на извештајот за остварување на приходите и извршување на расходите на Буџетот на Општина Гази Баба, за периодот јануари - март 2020 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .3

**ОДЛУКА** за изменување и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2020 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .31

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР** за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2021 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . .33

**ОДЛУКА** за определување на додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот како дел од исклучителна компонента на плата, на административен службеник во состав на секторот за правни и општи работи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .36

**ОДЛУКА** за користење на грант финансиски средства за реализација на проект - "Изградба на секундарна фекална мрежа и пречистителна станица за отпадни води во населено место Смилковци" . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .38

**ОДЛУКА** за изработка на Локална урбанистичко - планска документација, за изградба на објект со намена Г2 - лесна индустрија и Г3 - сервиси, на КП 11730/1 КО Старо Скопје, КП 11609/1 КО Старо Скопје и КП 11589/1 КО Старо Скопје, Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . .40

**ОДЛУКА** за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт СИ 09, Блок 01, Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .42

**ОДЛУКА** за примање и давање на трајно користење на движни ствари на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .47

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за ослободување од надоместокот на трошоците за престој во установата што паѓа на товар на родителите, на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .50

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за ослободување од надоместокот на трошоците за престој во установата што паѓа на товар на родителите, на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје . . .52



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 06/20**
**39 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 10 примероци